РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

11- 35/1
04 -01- 2024

# Годишен план за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата за 2024 година

Државната комисија за спречување на корупцијата, применува и иницира примена на законите, поттикнува нормативно и институционално јакнење, креира антикорупциски политики и мерки, промовира меѓуинституционална соработка и развива правна култура.

Главната визија е да се воспостави ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, а ова најдобро може да се поттикне преку антикорупциската проверка на легилтативата, како клучен превентивен антикорупциски механизам кој се применува во голем број земји така и кај нас, односно Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 став (1) точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, спроведува антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти согласно со методологија која ја донесува.

Антикорупциската проверка на легислативата претставува анализа и проценка на формата и содржината на прописите (закони, подзаконски акти и други општи акти) кои се во подготовка или кое се веќе изготвени од аспект на нивното практично спроведување, усогласеност и нивното подобрување со цел детектирање, спречување и минимизирање на ризиците во однос на можноста за корупција и судири на интерес кои може да резултираат при спроведување на законите.

Целта на ова методологија е непосредно, ефикасно и ефективно спроведување на оваа надлежност, и има за цел да обезбеди разгледување и оцена на формата и на

содржината на прописите, како и за детектирање и спречување на ризици за можна корупција во законите, подзаконски акти и други општи акти, кои може да резултират при нивно спроведување.

Укажуваме на фактот дека препораките кои ги дава ДКСК даваат значителен придонес кон носење на квалитетни закони а особено со тоа превентивно се делува кон намалување на корупцијата.

За подготовка на годишниот план за 2024 година, ДКСК се водеше од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година, каде се дијагностицирани и селектирани приоритетните проблеми кои генерираат висок ризик од корупција.

Врз основа на однапред утврдени критериуми за приоритет, ДКСК одлучи до крајот на тековната 2024 година да спроведе антикорупциска проверка на легислативата од следните закони:

1. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија бр.101/2019);
2. Закон за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/2021);
3. Закон за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2014, 43/2014, 33/2015, 27/2016, 83/2018 и 198/2018);
4. Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019);
5. Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019);
6. Закон за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/2020);
7. Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022);

8. Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, („Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 143/2019, 14/2020).

**Табеларен преглед на антикорупциска проверка на закони за 2024 година**

| Назив на закон | Основ на законот | Временски период | Образложение | Мерки | Препораки |
|---|---|---|---|---|---|
| **Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер** | Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон | Јануари - Март | Недоволна транспарентност на институциите. Се појавува потребата од зајакнување на надзорот во однос на објавување на информациите од јавен карактер согласно овој закон. | Зголемување на транспарентноста при вработувањата во јавниот секто | Зајакнување на надзорот во однос на објавување на актите за организација и систематизација и вработувањата согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер |

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Закон за лобирање** | Со овој закон се уредуваат условите за стекнување статус на лобист и лоби организација, регистрирањето на лобистите и лоби организациите, обврските на лобистите и лоби организациите и обврските на лицата и органите кај кои се лобира, со цел транспарентност на процесите на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони, подзаконски или други општи акти. | Јануари - Март | Во пракса овој закон е нефункционален , не се воспоставени и правила за спроведување на процесот на лобирање. Во отсуство на правилата лобирањето се одвива во алтернативни форми кои водат до непренципиелни па дури и коруптивни односи. | Воспоставување на правила за регулирање на интеракцијата помеѓу лобистите и претставниците на власта | Донесување на нов закон за лобирање |
| **Закон за финансиската полиција** | Со овој закон се уредува организацијата, раководењето, надлежностите, овластувањата на Финансиската полиција, правата, обврските и | Март - Јуни | Согласно Националната стратегија констатирано е неефикасен | Воведување на посебна организациска единица за внатрешна контрола и | Измена на Закон за финансиска полиција |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | одговорностите на финансиските полицајци, видовите на евиденции, обработката на личните податоци и други податоци, како и финансирањето на Финансиската полиција. | | систем за утврдување на професионална одговорност во органите за спроведување на законот и потребата за воведување на посебна организациона единица за внатрешна контрола и посебни стандарди. | професионални стандарди во УФР и УФП | |
| **Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси** | Со овој закон се уредуваат мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и | Март - Јуни | Потребата од измена и дополнување на овој закон во насока на допрецизирање на дел | Анализа на важечкиот закон | Усогласоност на законот со други закони. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања. | | од одредбите како и усогласување со другите поврзани закони. | | |
| **Закон за судовите** | | Јуни - Септември | Јакнење на интегритетот во судовите и јавното обвинителство како и зајакнување на капацитетите и посветеноста на обвинителството и судовото во откривање и санкционир | Недостасува ефикасен систем за јакнење на интегритетот на човечкиот фактор во правосудството, преку афирмација и примена на кодексите за професионално однесување. | воведување на задолжителни обуки за судиите и јавните обвинители заради имплементација на кодексите за професионално однесување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ање на корупцијата , како и јакнење на отпорноста на корупција во нивните редови. | | |
| **Закон за јавното обвинителство** | Со овој закон се уредуваат основањето, надлежноста, организацијата, функционирањето и укинувањето на јавното обвинителство, основите и постапката за именување и разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, основите за престанок на функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија, основите за избор, разрешување и дисциплинска постапка на јавните обвинители, основите за престанок на | Јуни - Септември | Јакнење на интегритетот во судовите и јавното обвинителство како и зајакнување на капацитетите и посветеноста на обвинителството и судовото во откривање и санкционирање на корупцијата , како и | Кадровско екипирање на јавните обвинителства согласно постојните систематизации на работните места | Зголемување на буџетски средства на ЈО за нови вработувања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | функцијата јавен обвинител, како и други прашања во врска со работата | | јакнење на отпорноста на корупција во нивните редови. | | |
| **Закон за административни службеници** | Со овој закон се уредува статусот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. | Септември - Декември | Детектиран и повеќе проблеми во простапките sa вработување во јавниот сектор, и постоење на голем број на закони кои го регулираат вработувањето по сектори, области и институции кои се често менувани и неусогласени не обезбедуваа | Укинување на можноста за времено вработување преку агенции за времени вработувања Укинување на можноста привремените вработувања да се трансформираат во вработување на неопределено работно време без редовна постапка за | Воспоставување на јасен и транспарентен процес на евалуација на критериумите за вработувањата во здравство, обрзование, култура, социјална заштита и АД во државна сопственост и Ограничување на дискреционото право на одговорното лице во процесот на вработување. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | т еднаквост при вработување то. | вработување Проценка на реалните потреби за бројот на вработени и нивната стручност во субјектите од јавниот сектор Јасно дефинирање на видот на образование за конкретно работно место во актите за систематизација на работни места Зголемување на транспарентноста на вработувања | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | та во јавниот сектор | |
| **Закон за вработените во јавниот сектор** | Со овој закон се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор. | Септември - Декември | Во однос на Законот за вработените во јавниот сектор, ДКСК ја искажува својата начелна согласност за потребата од менување и подобрување на одредени предложени решенија, кои досега не се земени во предвид, и од тука сметаме дека во континуитет е потребата | Укинување на можноста за вработување преку Агенции за времени вработувања и на можноста привремените вработувања да се трансформираат во вработување на неопределено работно време без редовна постапка за вработување | Измена на Законот за вработените во јавниот сектор заради укинување на можноста за вработувања преку Агенции за времени вработувања и за трансформација на работниот однос без редовна постапка за вработување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на вршење на АПЛ на овој Закон. | | |

ДКСК има единствено право во текот на годината да врши проверка и на легислативата која не е наведена во годишниот план.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930